# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2019**

**ЈУНИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **6**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 1 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 1 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 2 медиуми | 0 избирачки права | 1 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **10**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 6 соопштение од здр. на граѓани | 1 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 1 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ: 0 | Активности на здрж. на граѓани: 2 |

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0% род | 17% пол | 66% сексуална ориентација | 0% религија |
| 17% етничка припадност | 0% попреченост | 0% корисници на дроги | 0% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАЈ 2019

### СЛУЧАЈ:

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во текот на месец јуни регистрираше случај на дискриминација по основ на пол и род во областа на образованието, наука и спорт. Во конкретниот случај станува за државно првенство во слободен стил и борење на жени организирано од страна на Федерацијата на боречки спортови (ФБСМ), каде што бодовите кои ги освоиле женските борачи воопшто не се наведени во табелата за бодови кои ги освоиле тимовите. Иако, постои ранг листа на женски борачи кои се пласирале од прво до трето место на истите не им бил доделен никаков медал, каде што за разлика од машките борачи имало официјална церемонија за доделување на медалите и дипломите. По завршувањето на изборните и државните првенства, бодовите кои ги освоиле тимовите од сите натпревари се собираат и се прави ранг листа на најуспешни клубови, при што првите 3 клубови добиваат пехар за освојување на државен куп. Поради необјавување на поените кои ги освоиле женските борачи на државните првенства во поените од купот не се сметаат овие бодови. Со пласманот на тимовите во Купот, првите 4 тимови добиваат финансиска помош од Агенцијата за млади и спорт, првите 3 тима стануваат дел од Управниот одбор на ФБСМ, додека самиот пласман има влијание при аплицирањето и добивањето на проекти на општинско и национално ниво.

Во конкретниот случај, ФБСМ со своите преземени дејствија, односно незасметување на поените освоени од женските борачи во генералниот пласман на тимовите и нивно невметнување во табелата за тимски пласман, недоделувањето на медали, како и отсуството на официјална церемонија за доделување на дипломите во споредба со машките борачи, сторила директна, повеќекратна дискриминација врз основ на пол и род. Резултатот од ваквите постапки на Федерацијата доведува до дополнително дестимулирање на женските борачи, зголемување на разликите помеѓу мажите и жените, негативно влијае на промовирањето на женското борење како индивидуален спорт, но и одржување и зголемување на стереотипите и предрасудите за традиционалната улога на жените во општеството.

За случајот МЗМП поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, која што донесе општа препорака до ФБСМ во рок од 30 дена да започне постапка за усогласување на статутот и другите општи акти со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Володина против Русија[1], Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) едногласно утврди повреда на член 3 (забрана за нечовечко и понижувачко постапување) од Европската конвенција за човекови права и повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со член 3 од ЕКЧП.

Случајот се однесува на пропустот на руските власти да ја заштитат жалителката од повторено и континуирано семејно насилство, вклучувајќи ги нападите, киднапирањето, демнеењето и заканите. Воедно наведува дека сегашниот правен режим во Русија е несоодветен за справување со таквото насилство и преставува дискриминаторски однос кон жените. Судот утврдил дека жалителката била физички и психички малтретирана од страна на нејзиниот поранешен партнер и дека властите не ги исполниле своите обврски според Конвенцијата за да ја заштитат од насилството. Судот особено забележува дека семејното насилство не е признаено и санкционирано во руското право и дека не се предвидени мерки на заштита за жртвите. Овие недостатоци јасно укажуваат на тоа дека властите не сакаат да ја признаат сериозноста на проблемот со семејното насилство во Русија и нејзиниот дискриминаторски ефект врз жените.

Судот утврди дека и физичките повреди на жалителката, како и психолошкото насилство предизвикано од контролирачкото однесување на поранешниот партнер го достигна нивото на сериозност за да биде во опфатот на член 3 од Конвенцијата и ја активира обврската на властите да ја заштитат од насилство нанесено од нејзиниот поранешен партнер.

Судот утврди дека домашното насилство несразмерно ги засегнува жените во Русија, согласно доказите поднесени од барателот и информации од домашни и меѓународни извори. Доказите покажаа дека жените сочинуваат големо мнозинство од жртвите на семејно насилство во полициската статистика. Со толерирање на долгогодишна клима која е погодна за семејно насилство, руските властите не успеаја да создадат услови за суштинска родова еднаквост што ќе им овозможи на жените да живеат ослободени од страв од малтретирање и напади врз нивниот физички интегритет и да имаат корист од еднаква заштита пред законите. Оттука, Судот утврдил дека постои повреда на членот 14, а во врска со член 3 од Конвенцијата.

[1] Volodina v. Russia app. no. 41261/17 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-194321%22]}

### РЕСУРСИ:

1. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Пораст на нееднаквоста и вознемирувањето додека заштитата на фундаменталните права губи моментум“ - https://fra.europa.eu-/en/press-release/2019/rising-inequalities-and-harassment-fundamental-rights-protection-falters

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Второ истражување за дискриминација и дела од омраза против Евреите во држави членки на ЕУ — технички извештај“ - https://fra.europa.eu/en/publication/2019/second-survey-discrimination-and-hate-crime-against-jews-eu-member-states-technical

3. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Годишен извештај за фундаменталните права 2019“ - https://fra.europa.eu/en/publication/2019/fundamental-rights-2019

4. ОБСЕ „Прирачник за тренери за модел работилници: Градење коалиции за толеранција и недискриминација“ - https://www.osce.org/odihr/coalition-building-model-workshop

5. Трансформа „Здравјето е право, не привилегија“ - http://coalition.org.mk/%d0%b7%d0%b4%d1%

6. ЛГБТИ Центар за поддршка „Зошто парада“ - https://mhc.org.mk/news/lgbti-centar-za-poddrshka/zoshto-parada/

7. Хелсиншки комитет „Да ги поддржиме бегалците во нивната борба за опстанок“ - https://mhc.org.mk/news/helsinshki-komitet-da-gi-poddrzhime-begalcite-vo-nivnata-borba-za-opstanok/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**